# Известување за концентрација помеѓу ХТЛ Македонија ДООЕЛ Скопје иРојал Игл ДОО Скопје, (предмет бр. 08-53/2023)

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16 и 83/18), на ден 14.03.2023 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата е доствено известување за концентрација која се однесува на стекнување на контрола од **ХТЛ Македонија ДООЕЛ Скопје, Ул.50-та Дивизија бр.24 а Скопје**, над **Ројал Игл ДОО Скопје, ул Прашка бр.23 Скопје**, по пат на купопродажба на удели.

**Учесници во концентрацијата и нивни деловни активности:**

**ХТЛ Македонија ДООЕЛ Скопје** е со претежна дејност поврзана со игри на среќе. Таа е дел од Новоматик групацијата. Новоматик групацијата е групација на друштва на игри на среќа и забавни игри. Новоматик групацијата произведува и продава технологија и опрема за игри на среќа и забавни игри и раководи со голем број објекти за игри на среќа забавни игри, објекти за обложување (на пр.казина, спортски обложувалници, автомат клубови), овозможува онлајн (интернет) и мобилни игри на среќа и забавни игри како и услуги на обложување.

ХТЛ Македонија ДООЕЛ Скопје е во 100% сопственост на Новоматик АГ Австрија. Новоматик АГ има едно поврзано друштво во Република Северна Македонија и тоа МАКОТЕН ДООЕЛ Гевгелија.

ХТЛ Македонија ДООЕЛ Скопје има две фирми ќерки во Република Северна Македонија и тоа:МА ГАМИНГ ДООЕЛ Скопје и МАСТЕРБЕТ ДООЕЛ Скопје.

**Ројал Игл ДОО Скопје** е со претежна дејност на коцкање и обложување

*Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.*

*Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да достават забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр.54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.*

20.03.2023 година
Скопје